Со урбаниситчкиот проект се формира една градежна парцела од градежните парцели ГП 5.126 и 5.127 формирани со ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), при што урбанистичките патаметри на новоформираната градежна парцела нема да ги надминат збирните урбанистички параметри од градежните парцели согласно важечкиот детален урбаниситчки план.

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 5.126 и 5.127 од ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, е изработен врз основа на:

- Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени, ажурирање на геодетска подлога за КО Центар 2, изработен од Друштво за геодетски работи,

проектирање, инженеринг и консалтинг ГЕО КАЕВСКИ ДООЕЛ Скопје со дел. бр. 484/3-2022 од 12.10.2022 година, со потврда за проверка на геодетскиот елаборат од Агенцијата за катастар на недвижности бр. 1110-650/2022 од 22.10.2022 година;

- Потпишана и заверена проектна програма од барателот за добрување на урбанистички проект;
- Постојната состојба утврдена на лице место од страна на стручни лица од правното лице изработувач на планот;
- Просторните можности на локалитетот;
- ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019) и
- податоци и информации од органите на државната управа и другите субјекти, како и потребите на нарачателот.

Со овој урбанистички проект со план за парцелација, од градежните парцели ГП 5.126 и 5.127 формирани со ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), се формира една градежна парцела ГП 5.126.127, без да се менуваат параметрите на вкупно изградената површина за градење, намената на земјиштето и објектите и максималната височина и другите параметри уредени со урбанистичкиот план, а во согласност со член 57 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ, бр.225/20, 219/21 и 104/22).

Согласно посебните услови утврдени во ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), планирана основна класа на намена за ГП 5.126 и 5.127 е:

А1 – домување во станбени куќи

Истата во класификацијата на намени која е зададена во член 77 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) се преформулира како класа:

А1 – Домување во куќи

Согласно новата класификација, а во склад и со постојната намена, со урбанистичкиот проект да се зададе историодна поединечна намена:

А1.2 – Станбени куќи со споен ѕидови на меѓа – двокуќи

Согласно ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019) за ГП 5.126 планирани се површина за градба 79м^2, вкупна изградена површина 316 м^2 и катност П+2+Пк, додека за ГП 5.127 планирани се површина за градба 72м^2 , вкупна изградена површина 288 м^2 и катност П+2+Пк .

Со предметниот Урбанистички проект, а согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), како и доставениот Идеен проект, во рамките на новоформираната градежна парцела ГП 5.126.127, дефинирана е вкупно една површина за градење:

- **Површина за градење во новоформирана ГП 5.126.127** – Станбени куќи со споен ѕид на меѓа – двокуќи со дозволена површина за градење од 151м^2 и вкупна изградена површина од 604м, со катност од П+2+Пк и максимална висина на венец од 10.2м

Согласно текстуалниот дел од доставените Изводи од планот, како компатибилна класа на основната класа на намена А1 – домување во станбени куќи се предвидени Б1 (до 30%), В1 (до 30%) и Д3 (до 30%), со максимално дозволен процент на учество од 30% од основната класа на намена.

Со предметниот урбанистички проект, а согласно член 83 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), се потврдуваат предходно-утврдените компатибилни класи на намени со максимално дозволениот процент на учество од 30%. Поради специфичноста на наменската употреба на земјиштето и градбите, како и значењето на градбата како програмска функција на ниво на град Скопје, во рамки на компатибилната класа на намени спаѓаат сите нејзини поединечни намени.

Согласно наведените услови, при понатамошна разработка на проектната документација, параметрите: висина на градбите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност треба да се одредат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14), кој бил на сила при донесувањето на Деталниот урбаниситчки план.

Со предметниот Урбанистички проект вкупниот процент на изграденост изнесува 45.6%, додека Коефициентот на искористеност на земјиштето изнесува 1.82, и истите не ги надминуваат урбанистички параметри зададени во важечкиот ДУП.

СПОРЕДБА НА БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Остварени со УП	Број на парцела	**5.126.127**	Биланси показатели Според ДУП	Број на парцела	**5.126**	**5.127**	**ВКУПНО**
	Површина на опфат (м²)	**331**		Површина на опфат (м²)	**331**		**331**
	Површина на парцела (м²)	**331**		Површина на парцела (м²)	**173 м²**	**158 м²**	**331**
	Површина за градење (бруто м²)	**151**		Површина за градење (бруто м²)	**79 м²**	**72 м²**	**151**
	Вкупна изградена површина (бруто м²)	**604**		Вкупна изградена површина (бруто м²)	**316 м²**	**288 м²**	**604**
	Процент на изграденост (П габарит/П парцела %)	**45,6%**		Процент на изграденост (П габарит/П парцела %)	**45.66%**	**45.57%**	**45,6%**
	Коефициент на искористеност (П раз.површ/П парцела)	**1.82**		Коефициент на искористеност (П раз.површ/П парцела)	**1.83**	**1.82**	**1.82**
	Катност	**П+2+Пк**		Катност	**П+2+Пк**	**П+2+Пк**	**П+2+Пк**
	Висина до венец	**10,2м**		Висина до венец	**10,2м**	**10,2м**	**10,2м**

Пристапот до новоформираната градежната парцела е од улица „Славејко Арсов“-1 согласно ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино

чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), долж јужната страна на предметниот проектен опфат.

Согласно ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), потребниот број на паркинг места треба да се обезбеди во рамки на сопствена парцела. Потребниот број на паркинг местата ќе се определи согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14), кој бил на снага во времето на изработка на горенаведениот ДУП.

2.2. Надворешни сообраќајници, внатрешни сообраќајници, стациониран сообраќај и нивелманско решение

Со Урбанистичкиот проект се дефинира внатрешниот динамички и стационарен сообраќај, како и начинот на сообраќајно поврзување со надворешната сообраќајна мрежа.

2.2.1 Надворешни сообраќајници

Пристапот до новоформираната градежната парцела е од улица „Славејко Арсов“-1 согласно ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), долж јужната страна, со регулациона широчина од 7.0 м во сегментот кај предметниот проектен опфат, на начин прикажан во графичките прилози.

2.2.2 Внатрешни сообраќајници

Во рамките на проектниот опфат не е планиран динамички моторизиран сообраќај со исклучок на пристапна платформа за автомобили, која служи за пристап до подземното паркирање, на начин прикажан во графичките прилози од Идејниот проект.

2.2.3 Стационарен сообраќај

ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019) година потребниот број на паркинг места треба да се обезбеди во рамки на сопствена парцела. Дополнително, предвидено е бројот на паркинг местата да се утврди согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14), кој бил на снага во времето на изработка на горенаведениот ДУП. Согласно наведениот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за намена А1 – домување во станбени куќи и згради кои не се лоцирани во централно градско подрачје, се предвидува : 1 паркинг место на секои 80м^2 од вкупно изградената површина.

Новоформирана градежна парцела	Максимална дозволена вкупна изградена површина (бруто м²)	Стандард	Потребен број на паркинг места	Обезбеден број на паркинг места
ГП 5.126.127	604	1 паркинг место на секои 80м^2	**8**	**8**

Согласно идејното решение, за ГП 5.126.127 обезбедени се 8 паркинг места, од кои 6 подземни паркинг места, и 2 паркинг места во рамки на партерот на градежната парцела. До подземното паркирање се пристапува преку платформа за автомобили, на начин прикажан во графичките прилози.

2.2.4 Нивелманско решение

Вертикалната поставка на планираните сообраќајни површини за пристап до проектниот опфат е целосно преземена од планските решенија на важечкиот ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019).
Вертикалната поставка на планираните сообраќајни површини во рамките на проектниот опфат е усогласена со просторните можности на локалитетот, наменската употреба на градбите, како и програмските барања на нарачателот.

2.3. Основни водови на инфраструктура

2.3.1 Водоводна мрежа

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП Водовод и канализација -Скопје, допис бр. 1302-2401/2 од 27.07.2022 година, во непосредна околина ја има застапено следната инфраструктура:

- Постојна водоводна канализациона мрежа Ø80 долж ул. „Славејко Арсов“, на начин прикажан на графичките прилози;

Имајќи во предвид дека со предметниот Урбанистички проект нема промена во вкупната изградена површина за градба, се преземаат во целост предходно утврдените инфраструктурни потреби и инсталации во планските решенија утврдени со важечкиот ДУП, односно планираниот објект се предвидува да се приклучи на постојна водоводна мрежа долж ул. „Славејко Арсов“-1.

Понатамошната разработка на внатрешната разводна водоводна мрежа ќе се врши согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, и ќе биде предмет на Основен проект.

2.3.2 Фекална канализација

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП Водовод и канализација -Скопје, допис бр. 1302-2401/2 од 27.07.2022 година, во непосредна околина ја има застапено следната инфраструктура:

- Постојна фекална канализациона мрежа Ø250, долж ул. „Славејко Арсов“, на начин прикажан на графичките прилози;

Имајќи во предвид дека со предметниот Урбанистички проект нема промена во вкупната изградена површина за градба, се преземаат во целост предходно утврдените инфраструктурни потреби и инсталации во планските решенија утврдени со важечкиот ДУП, односно планираниот објект се предвидува да се приклучи на постојна фекална мрежа долж ул. „Славејко Арсов“.
Понатамошната разработка на внатрешната разводна фекална мрежа ќе се врши согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, и ќе биде предмет на Основен проект.

2.3.3 Атмосферска канализација

Согласно податоците и информациите добиени од ЈП Водовод и канализација -Скопје, допис бр. бр. 1302-2401/2 од 27.07.2022 година, заклучено е дека во рамки на

предметниот проектен опфат нема изградено подземна инсталација од атмосферска мрежа.

Имајќи во предвид дека со предметниот Урбанистички проект, нема промена во вкупната изградена површина за градба, се преземаат во целост предходно утврдените инфраструктурни потреби и инсталации во планските решенија утврдени со важечкиот ДУП, односно се планира да се приклучи на:

- планирана атмосферска мрежа Ø300 долж станбена ул. „Славејко Арсов“-1, на начин прикажан на графичките прилози.

Понатамошната разработка на внатрешната разводна атмосферска мрежа ќе се врши согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура, и ќе биде предмет на Основен проект.

2.3.4 Електроенергетска мрежа

Согласно податоците и информациите добиени од ЕЛЕКТРОДИСТИРБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје, допис бр. 10-26/2-458 од 22.07.2022 година, ја има застапено следната инфраструктура:

- 0.4 кВ Подземна мрежа, на начин прикажан на графичките прилози;

Согласно известување од АД МЕПСО – Скопје, допис бр. 11-4224/1 од 03.08.2022 година, предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Со допис 0701-12 од 05.07.22 и 0302-22 од 30.11.22, побарано е мислење од АД Електрани на Северна Македонија, но не е добиен повратен одговор.

Соодветно на тоа, со предметниот Урбанистички проект во рамки на проектниот опфат планирано е градбата да се приклучи на0.4 кВ Подземна мрежа.

2.3.5 Гасоводна мрежа

Со допис 0701-12 од 05.07.22 и 0302-22 од 30.11.22, побарано е мислење од ГА-МА АД Скопје, , но не е добиен повратен одговор.

Согласно податоците и информациите добиени од НЕР АД Скопје, допис бр. 15-2295/2 од 27.07.2022 година, на предметниот проектен опфат нема изградено и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Согласно важечкиот ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019) не е планирано изградба на гасоводна мрежа и од тука, со предметниот Урбанистички проект не се планирана внатрешна разводна мрежа.

2.3.6 Топлификација

Согласно податоците и информациите добиени од Дистрибуција на топлина, Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, допис бр. 03-1774 од 20.07.2022 година, на предметниот проектен опфат не постои дистрибутивна мрежа со која управува Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ.

Имајќи во предвид дека со предметниот Урбанистички проект, нема промена во вкупната изградена површина за градба, се преземаат во целост предходно утврдените инфраструктурни потреби и инсталации во планските решенија утврдени со важечкиот

ДУП, односно планирана е топловодна мрежа долж ул.„Славејко Арсов“-1, на начин прикажан на графичките прилози.

2.3.7 Телекомуникациона мрежа

Согласно податоците и информациите добиени од Македонски Телеком АД Скопје, допис бр. 44531 од 22.07.2022 година, во границите на проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно податоците и информациите добиени од Агенцијата за електронски комуникации, Скопје, допис бр. 1404 – 2223/2 од 04.08.2022 година, во непосредна околина нема податоци за изградени јавни електронску комуникациски мрежи и системи.

Согласно планските решенија утврдени со важечкиот ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), со предметниот Урбанистички проект се планира градбите да се приклучат на телекомуникациска мрежа која се наоѓа југоисточно од проектниот опфат, долж улицата ул.„Славејко Арсов“-1.

2.4. Хортикултура и партер

Во рамки на неизграденият простор потребно е да се почитува член 20 став од Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр. 11/18 и 42/20) односно да се обезбеди минимум 20% дворно зеленило.

Со предметниот Урбанистички проект, а согласно доставениот Идеен проект за предметната градежна парцела, остварни се 52.25м^2 дворно зеленило под кое нема градба односно 15,8% од површината на проектниот опфат.
Остатокот од остварениот процент на озеленетост кој вклучува жардинери, култивиран тревник и ниско дрвенесто зеленило под кои има градба на длабочина ≥ 0.8 м, како и кровна градина, е прикажан во рамки на доставениот Идеен проект, кој е прилог на предментиот урбанистички проект.

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ - ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ				
НИВО	ТИП НА ЗЕЛЕНИЛО	ПОВРШИНА М2 (P)	КОЕФИЦИЕНТ (K)	P x K
НИВО -2	Тревна површина под која нема градба	38.43	1	38.43
НИВО -1	Жардиниери, култивиран тревник и ниско дрвенесто зеленило-површина под која има градба на длабочина ≥ 0.8m	4.37	0.5	2.19
ПРИЗЕМЈЕ	Тревна површина под која нема градба	13.82	1	13.821.35
ПРИЗЕМЈЕ	Жардиниери, култивиран тревник и ниско дрвенесто зеленило-површина под која има	1.35	0.5	0.68

	градба на длабочина ≥ 0.8m			
КАТ 1	Жардиниери, култивиран тревник и ниско дрвенесто зеленило- површина под која има градба на длабочина ≥ 0.8m	3.13	0.5	1.57
КАТ 2	Жардиниери, култивиран тревник и ниско дрвенесто зеленило- површина под која има градба на длабочина ≥ 0.8m	6.17	0.5	3.09
ПОТКРОВЈЕ	Кровна градина и ниско дрвенесто зеленило- површина под која има градба на длабочина ≥ 0.8m	18.32	0.5	9.16
Вкупно:				**68.92**
* Табела согласно остварени параметри според идеен проект				

2.5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈА

Имајќи ја во предвид предвидената намена А1 – домување во станбени куќи согласно ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), а со оглед на тоа дека предметните градежни парцели се со мала површина и истите се непогодни за реализација на планираната намена, со нивното спојување во една градежна парцела ќе се создадат услови за повисок стандард и поквалитетно решение на станбениот простор и паркинг простор во рамки на новоформираната градежна парцела.

3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

При проектирањето на градбите како и при понатамошната разработка со Основен проект, неопходно е да бидат запазени прописите од Правилникот за суштински барања за градежни објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), како и да се почитува Законот за заштита на животната средина и природата.

3.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Согласно допис од Министерството за култура со бр.08-2023/2 од 08.2022 година, во кој е наведено дека Управа за заштита на културното наследство врз основа на доставената и постојната документација констатира дека во границите на проектниот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управа за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

3.2. Мерки за заштита на животна средина и природата

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).
Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.
Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.
Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.
За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.
Градежнате парцели се развиваат согласно современите урбанистички принципи со класа на намена А1 – Домување во куќи и затоа проблемите на нарушување на квалитетот на животната средина не се изразени.
Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.
Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

1. Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави.
2. Примена на соодветни техничко-технолошки мерки.
3. Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења.
4. Подигање и оформување на заштитни зелени појаси (дрвореди).
5. Подобрување на состојбата со зелените јавни површини со правилен распоред и создавање на поврзан систем на зеленило.

Овој проектен опфат нема негативно да влијае на околината.
Сите слободни површини од парцелата хорикултурно да се уредат со зеленило.
Планирана е изведба на комплетна комунална инфраструктура, така што нема опасност од загадување на подземните води.

3.2.1 Заштита на почвата и подземните води

При изградба на содржината во склоп на проектниот опфат, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.
Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој. Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата, како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.
Планираниот објект ќе се приклучи на постојна фекална канализација и на планирана атмосферска канализација.
Во смисол на заштита на подземните води потребно е изведба на непропусна канализација за одводнување на отпадните води, како на фекалните така и на атмосферските.

3.2.2 Заштита од бучава

Прашањето за намалување на проблемите на бучавата од сообраќајниците треба да се решава со обезбедување на заштитни зелени појаси по должина на тие сообраќајници и формирање на зелени коридори.
Во склоп на подобрување на условите за работа и живеење еден од битните фактори е подигањето на зелени насади во локалитетот и во неговото непосредно окружување. Со предметниот УП, согласно планираната основна класа на намена, ублажување на бучавата е можна преку подигање на линерани зелени површини – дрвореди долж постојната и планирана улична мрежа, хортикултурното уредување на дворното зеленило и потребата на градежни материјали кои ќе придонесат во намалување на бучавата.

3.2.3 Заштита на воздухот

Неопходно е при планирањето на просторот да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Со урбанистичкиот проект се предвидува изградба на објекти со намена А1 – Домување во куќи. Единствено загадување е од издувните гасови на моторните возила во урбната средина, кои би влијаеле на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. За намалување на аерозагадувањето ќе придонесе кортикултурното уредување на урбаната средина.

Сепак нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. Весник на РМ бр.141/10 и 223/19) и Правилник за максимално дозволените концентации и количества и за други штетни материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување (Сл.в. на РМ бр. 03/90).

3.2.4 Управување со отпадот

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр.51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16, 63/16 и 31/20), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со урбанистичкиот проект потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

3.3. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, РСМ 215/21) Уредба со законска сила за примена на Закон за заштита и спасување за време на вонредна состојба Сл. Весник на РМ бр.82/20), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст и 152/19) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изведба на објектите како и учество на технички преглед (Сл. Весник на РМ. бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на градежна парцела со предметниот УП.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

При изготвување на Основните проекти за градбите и Основните проекти на инфраструктура, како и при самата градба, обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, РСМ 215/21), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст и 152/19) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 94/09) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Односно, при понатамошната изработка на Основниот проект, како и при изградба на градбите, Мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 9° по МЦС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

При уредувањето на градежните парцели, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

3.4. Урбанистичко-технички мерки

3.4.1 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.
Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.
Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.
Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.
Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.
Тековното и инвестиционото одржување на засолништата го вршат сопствениците или корисниците на истите.
При опасност засолништето мора да се доведе во функција за основната намена во рок од 48 часа, со непречен пристап за лицата за кои е наменето.
Одржувањето, сервисирањето на средствата и опремата во сите засолништа и атестирањето го вршат трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби регистрирани за таква дејност, кои што имаат вработени лица со лиценца за вршање на таква дејност согласно со закон.
Градежни зафати со кои се намалува заштитното својство на засолништето не се дозволени.
Засолништата и другите заштитни објекти можат да се издаваат под закуп, под услов да не се наруши нивната примарна заштитна функција.
Засолништата другите заштитни објекти се издаваат под закуп од страна на нивните сопственици, а за засолништата и другите заштитни објекти чиј сопственик е непознат, издавањето го врши Дирекцијата.
Издавањето на засолништата другите заштитни објекти под закуп се врши согласно со закон.
Дирекцијата води евиденција за изградените засолништа и другите заштитни објекти.
Начинот на водење на евиденцијата за изградените засолништа и другите заштитни објекти го пропишува директорот на Дирекцијата.

3.4.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачја, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

3.4.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Предметната парцела има директен пристап од ул.„Славејко Арсов“-1 на јужната страна од проектниот опфат на предметниот урбанистички проект согласно важечки ДУП, со што е овозможен несметан пристап на противпожарни возила.

Растојанијата на дефинираните градежни линии до границите со соседните парцели овозможуваат несметан пристап, подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Со оглед на својата местоположба, предметната локација потпаѓа во зоната на дејство на професионалната ПП единица Тафталиџе, Скопје. Пунктот на истата е лоциран на М.Т.Гологанов (Иво Лола Рибар) 74 , односно оддалечен е од предметната локација на околу 3.3 километри. Со оглед на оддалеченоста, но и густината на сообраќајот во овој дел на градот, времетраењето потребно за интервенција на противпожарната единица изнесува околу 8-10 минути.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбата;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е непречен пристап на противпожарно возило
- внатрешните сообраќајни површини се со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема.
- Во просторот, предмет на урбанистичкиот проект, потребно е да се изготви проект за хидрантска мрежа за надворешни и внатрешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите.

Со понатамошна разработка на градбите утврдени со урбанистичкиот проект преку основни проекти, задолжително да се планира изведба на внатрешна и надворешна мрежа согласно Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожари (Сл. весник на РМ бр. 26/18).

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (пратечки објекти) треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари , согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Дополнително, за заштита и спасување од свлекување на земјиштето, при изработка на основен проект, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Исто така, при проектирање на објектите, да се имат во предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.32/11).

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранска инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

При изработката на урбанистичкиот проект почитуван е Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, РСМ 215/21), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16, 152/19) или (Пречистен текст 168/17 и 152/19), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 99/17, 143/17, 243/17 и 243/18 со важност од 01.10.2020год.), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

При изработката на понатамошна проектна документација, потребно е да се изготви посебен Проект за заштита од пожари и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.139/10).

Обезбедување на хидрантска вода ќе биде остварено преку зафаќање на санитарната вода и тоа со инсталација на надворешна хидрантска мрежа, која ќе биде предмет на понатамошна разработка со основен проект.

3.4.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неекслодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.
Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.
Ако не се исполнети горенаведените услови уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на предходно определени и уредени места за таа намена. Соодветно, при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

3.4.5 Заштита и спасување од урнатини

Дефинирање на сеизмички хазард всушост претставува дефинирање на економско-технички критериуми за прифатливо ниво на безбеденост на градежната конструкција за различни материјали на објектите.
Просторот кој е предмет на анализа има потреба од примена на соодветни мерки за заштита, односно задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на градбите.
За да се избегне сеизмичкиот хазард потребно е градбата да се гради според параметрите и критериумите за сеизмичка градба.
Во рамки на проектниот опфат, заштитата од урнатините ќе се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал, релативно помали тежини и соодветни конструктивни системи.
Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирањето на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.
При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Проектниот опфат се наоѓа во сеизмоген извор – подрачје од втор ред (случени земјотреси, односно очекувани земјотреси со јачина од 5,5º до 6,0º по Рихтер, односно 8º по Меркалиј – Канцани – Зиберг), па во склад со овие бројки треба да се предвидат и конкретните мерки за отпорноста на градбите и инсталациите.
Проектното решение во урбанистичкиот проект е изработено врз основа на утврдениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Односно, во случај на можни разурнувања било од земјотес или од воздушен воен удар, проектното решение на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални воизила
- непречена интервенција
- штетите да се сведат на минимум

- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, изработен врз основа на Елаборат за геомеханички испитувања на составот на земјиштето, како составен дел на Основниот проект при понатамошна разработка.

3.4.6 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

На градежната парцела предмет на овој урбанистички проект нема можност од појава на технички несреќи како резултат на намената на просторот.
Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и поширокаата животна средина предвидени се превентивни мерки, односно предвидено е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, односно нафта и нафтени деривати.

3.4.7 Спасување од сообраќајни несреќи

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета.
Оперативните мерки за спасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица, укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

3.5. Хуманитарни мерки

3.5.1 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.
Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.
Општина на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

3.5.2 Згрижување на настрадано и загрозено население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое

поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.
Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

3.5.3 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Во граници на проектниот опфат нема радиолошка, хемиска и биолошка активност кој ќе влијаат на загрозување на проектниот опфат и неговата околина со оглед на намената на просторот А1 - домување во куќи.

3.5.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.
Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.
Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош, зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника. До предметниот проектен опфат најблиску се наоѓа Клинички комплекс „Мајка Тереза“, а во рамки на која има пункт на Итна медицинска помош (ИПМ), на одалеченост од приближно 1,2км. Со оглед на оддалеченоста, но и густината на сообраќајот во овој дел на градот, времетраењето потребно за интервенција изнесува околу 5 минути со моторно возило.

3.5.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, и други несреќи.
Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

3.5.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфака превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.
Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

3.5.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати

животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите, како и асанација на објектите за водоснабдување.

3.5.8 Заштита при работа

Влијанија порзани со работна сила се идентификувани во процесот на изградба на објектите и инфраструктура како влијанија врз здравјето и безбедноста на работниците. Во процед на изградба тоа се несреќи на работно место.
Со цел да се минимизираат негативните влијанија врз работната сила ќе се превземат следните мерки за заштита:
- користење на современа опрема што ќе обезбеди сигурност и безбедност на работниците
- ангажирање на квалификувани работници, како и нивна дополнителна обука

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

4.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на проектниот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот проект.

Основните урбанистички параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22).

При изработката на урбанистичкиот проект, почитувани се и планските одредби кои призлегуваат од законската регулатива од времето кога е изработен важечкиот ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019): Правилник за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14), вклучително и сродна законска и подзаконска регулатива, доколку истите не се во конфликт со одредбите од важечката законска рамка.

1. Понатамошната разработка на Урбанистичкиот проект треба да биде со Основен проект.
2. Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето, дадени во ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар, Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019 година, важат и за проектниот опфат на предметниот УП.
3. **Граница на проектен опфат на урбанистички проект** - полигон што комплетно припаѓа во границата на плански опфат на урбанистички план. Проектниот опфат кој е предмет на овој Урбанистички проект е ограничен на катастарските парцели дел од КП бр.2412/4 и КП бр. 2413/5, КО Центар 2, Општина Центар со вкупна површина од 331м² (0,03ха). Границите на проектниот опфат се означени со линија и прекршни точки, дадени со X и Y координати:

КООРДИНАТИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ:		
	Y	X
T1	7535444.4500	4649126.1000
T2	7535436.7800	4649132.9400
T3	7535436.5400	4649133.1100
T4	7535429.7800	4649137.9300
T5	7535429.6500	4649138.0000
T6	7535416.5800	4649119.6100
T7	7535416.9847	4649119.5155
T8	7535417.3841	4649119.4036
T9	7535417.7789	4649119.2762
T10	7535418.1684	4649119.1337

Лак 1: Испупченост -0.0024 Центар Y=7535312.3865 X=4648837.8571 Радиус 300.51 Почетен агол 69 Завршен агол 69		
T11	7535420.8575	4649118.1076
T12	7535422.5500	4649117.1000
T13	7535424.9400	4649115.7300
T14	7535427.6700	4649113.6400
T15	7535433.7000	4649118.2000
T16	7535437.6100	4649121.1600
T17	7535438.4000	4649121.7200

4. **Граница на градежна парцела** е границата на градежна парцела е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од двете страни на

вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење и претставува најмала и неделлива просторна единица на градежно земјиште. Гардежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели.

Во рамките на проектниот опфат на овој урбанистичкиот проект, од градежните парцели ГП 5.126 и 5.127 формирани со ДУП за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2 , Општина Центар (Одлука бр. 08-5980/6 од 10.12.2019), се формира една градежна парцела ГП 5.126.127, без да се менуваат параметрите на вкупно изградената површина за градење, намената на земјиштето и објектите и максималната височина и другите параметри уредени со урбанистичкиот план, а со вкупна површина од 331м² (0,03ха).

5. **Намена на земјиштето** е начинот на употреба на земјиштето и на градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.

Основна класа на намена на ГП 5.126.127 овој Урбанистички проект се дефинира како:

Група на класа на намена А – Домување

Класа на намена А1 – Домување во куќи

Поединечна намена А1.2 – Станбени куќи со споен ѕид на меѓа - двокуќи

Со предметниот урбанистички проект, а согласно член 83 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), за А1 – Домување во куќи, се предвидени компатибилни класи на намени Б1(30%), В1 (30%) и Д3(30%) со максимално дозволениот процент на учество од 30%. Поради специфичноста на наменската употреба на земјиштето и градбите, како и значењето на градбата како програмска функција на ниво на град Скопје, во рамки на компатибилнита класа на намени спаѓаат сите нејзини поединечни намени.

6. **Градежна линија** е планска одредба која претставува граница на градење.Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадени елементи од архитектонска пластика на градбите.

7. **Површина за градење** претставува дел од градежна парцела ограничена со градежна линија на кој се утврдуваат услови за градење на градбата.

Со предметниот Урбанистички проект, а согласно доставениот Идеен проект, во рамките на градежната парцела ГП 5.126.127 дефинирана е една површина за градба чијашто максимална површина за градење чијашто максимална површина за градење изнесува 151 м^2, со вкупна изградена површина од 604 м^2, со катност П+2+Пк и максимална висина на венец од 10.2м.

8. **Вкупна изградена површина за градење** е условена планска одредба и зависи од обезбедување на потребниот број на паркинг места во рамките на градежната парцела. Со предметниот урбанистички проект, истата е утврдена на 604 м^2.

9. **Кота на нулта точка** е висинска кота на плоча на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот торотоар и максимум изнесува 1,20м.
   Со предметниот Урбанистички проект за градбата во рамки на новоформираната графежна парцела, а согласно доставениот Идеен проект за предметните градежни парцели и врз основа на утврдена референтна висинска кота на тротоар од пристапната сообраќајница, утврдена е нулта плоча на приземје, поставена на 15см над котата на пристапниот тротоар, на начин прикажан во графичките прилози.

10. **Максимална височина на градба** се изразува како вертикално растојание помеѓу пристапниот тротоар или патека и завршниот венец на градбата изразена во должни метри.

11. **Горен или завршен венец** е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија од страната на лицето на градежната парцела . Максималната висина на венец на градбата е 10,2м.

12. Со предметниот Урбанистички проект се потврдува катноста на градбите на П+2+Пк, утврдена со важечкиот ДУП.

13. **Максимална дозволена висина на слеме** на кров изнесува 4,5м над максималната дозволена висина на венец на градбите.

14. Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се дозволува уредување на потпокривен корисен простор, кој се третира рамноправно со другите спратови на градбата и се обележува и пресметува во постапката за спроведување на планот како регуларна спратна површина.

15. **Процент на изграденост на земјиштето (Р)** е урбанистичка величина која во урбанистички план ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.
   Процентот на изграденост на утврдените градби, на ниво на проектен опфат е ограничен на 45.6%.

16. **Коефициент на искористеност (К) на земијштето** се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковната просторна единица, изразен со рационален број до две децимали Коефициент на искористеност на земјиштето (К), на ниво на проектен опфат изнесува 1,82.

17. Пешачки и колски пристап во предметниот проектен опфат е обезбеден преку улица „Славејко Арсов“-1 од јужна страна на проектниот опфат, на начин прикажан во графичките прилози.

18. Во согласност со основната класа на намена на земјиштето и градбите (А1 – Домување во станбени куќи), и според стандардот Правилникот по кој е работен важечкиот ДУП, кој е основ за изработка на овој урбанистички проект, за планираната градба со намена А1 – домување во станбени куќи и згради кои не се лоцирани во централно градско подрачје, се предвидува :1 паркинг место на секои 80 м^2 од вкупно изградената површина.
Согласно идејното решение, за предвидената градба обезбедени се 8 паркинг места, од кои 6 подземни паркинг места, и 2 паркинг места во рамки на партерот на новоформираната градежна парцела. До подземното паркирање се пристапува преку платофрма за автомобили, на начин прикажан во графичките прилози.

19. Површините во предметниот Урбанистичкиот план наменети за движење на пешаци да бидат континуирани, без скали и со подолжен наклон од максимални 8,33% или покрај скалите да се предвиди рампа со истиот максимален наклон.

20. Со предметниот Урбанистички проект, а согласно доставениот Идеен проект за предметната градежна парцела, остварни се 52.25м^2 дворно зеленило под кое нема градба односно 15,7% од површината на проектниот опфат.
Остатокот од остварениот процент на озеленетост кој вклучува жардинери, култивиран тревник и ниско дрвенесто зеленило под кои има градба на длабочина ≥ 0.8 м, како и кровна градина, е прикажан во рамки на доставениот Идеен проект, кој е прилог на предментиот урбанистички проект.

21. При планирање на комунална инфраструктура да бидат запазени стандардите и нормативите пропишани со позитивните закони и подзаконски акти.

22. Долж улица „Славејко Арсов“-1 има постојна водоводна мрежа Ø80 во сопственост на ЈП Водовод и канализација, Скопје. Оттука, новопланираниот објект се предвидува да се приклучи на постојна водоводна мрежа.

23. Долж улица „Славејко Арсов“-1 има постојна фекална мрежа Ø250 во сопственост на ЈП Водовод и канализација, Скопје. Оттука, новопланираниот објект се предвидува да се приклучи на постојна фекална мрежа.

24. Согласно актуелниот ДУП планирана е атмосферска линија долж улица „Славејко Арсов“-1, оттука се предвидува новопланираниот објект да се приклучи на планираната атмосферска мрежа.

25. Димензионирањето и просторната диспозиција на внатрешните и надворешните инфраструктурните водови и инсталации ќе биде решена со основни проекти за секоја фаза одделно.

26. Долж улица „Славејко Арсов“-1 има постојна електро-енергетска мрежа во сопственост на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, односно постојна 0.4 кВ Подземна мрежа. Со предметниот Урбанистички проект се планира градбата да се приклучи на постојна електро-енергетска мрежа.

27. Во рамките напредметниот проектен опфат и во негова непосредна близина, нема изградено, ниту планирана гасоводна мрежа. Оттука, со предметниот Урбанистички проект не се планира приклучок на градбите на гасоводна мрежа.

28. Согласно актуелниот ДУП планирана е топловодна мрежа долж улица „Славејко Арсов“-1, оттука се предвидува новопланираниот објект да се приклучи на планираната топловодна мрежа.

29. Долж улица „Славејко Арсов“-1 има постојна телекомуникациска инфраструктура на која ќе биде приклучена планираниот објект.

30. Доколку во процесот на реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Р. Македонија, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управа за заштита на културното наследство, во смисла на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

31. Сите параметри за уредување на просторот на предметниот проектен опфат, кои не се опфатени со општите услови за градење да бидат во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22).

4.2. Мерки за заштита на животната средина и природата

- Закон за животна средина (Сл.Весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 89/22);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија број 67/2004, 92/2007, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и Службен весник на Република Северна Македонија број 151/21);
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Северна Македонија број 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија број 79/2007, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и Службен весник на Република Северна Македонија број 151/21);
- Закон за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 215/21);
- Закон за водите (Службен весник на Република Македонија број 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и Службен весник на Република Северна Македонија број 151/21);
- Закон за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 151/21);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ, бр.225/20, 219/21 и 104/22) и други законски и подзаконски акти.

4.3. Мерки за заштита и спасување

При изготвување на Основните проекти за градбите и Основните проекти на инфраструктура, како и при самата градба, обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување, согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, РСМ 215/21), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст и 152/19) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. Весник на РМ бр. 94/09) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Односно, при понатамошната изработка на Основниот проект, како и при изградба на градбите, Мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 9° по МЦС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

При уредувањето на градежните парцели, обврзно да се предвиди заштитен појас, меѓу одредени градби и простори, со широчина предвидена со нормативите, а која овозможува заштита од пожар.

4.4. Мерки за заштита на културното наследство

Доколку при земјените работи се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 194/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18 и 20/19).

4.5. Елементи за обликување на градбите:

За градбите се пропишува и следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- да се применат квалитетни естетски современи материјали за завршна обработка на градбите;
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини;
- да се примени естетско парковско и заштитно зеленило, погодно за климатските простори;
- обврзно да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања, при изработка на основните проекти на градбите и инфраструктурата.

4.6. Услови за понатамошна разработка

При изработка на Основните проекти за градбите, како и Основните проекти за инфраструктурите, обврзно е да се почитуваат прописите за градење, техничките стандарди за ваков тип на градби, како и прописите за заштита на животната средина.
Се што не е регулирано со општите одредби на предметниот урбанистички проект е предмет на понатамошна разработка согласно стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21 и 104/22)

5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Посебните услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежните парцели. Посебните услови за градење се основа за изработка на Основните проекти за градбите и инфраструктурата.

Градежна парцела бр. 5.126.127

- Поединечна намена: А1.2 - Станбени куќи со споен ѕид на меѓа - двокуќи
- Компатибилна намена (максимален дозволен % на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот): Б1, В1,Д3
- Максимален дозволен % на збирот на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена на планот: 30%
- Површина на градежна парцела: 331м²
- Дозволена површина за градба: 151м²
- Вкупна површина по катови: 604м²
- Коефициент на искористеност (К):1,82
- Процент на изграденост (%): 45,6%
- Процент на озеленетост (%): мин. 20%, предвидени се повеќе типови на зеленило и остварениот процент на озеленетост е прикажан во доставениот Идеен проект
- Максимална висина до завршен венец: 10,2
- Максимален број на катови: П+2+Пк
- Максимална височина на слеме: 4,5м од кота на венец
- Дозволено е формирање на следните типови на покриви: рамни покриви (со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5°), коси покриви (со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°), мансарден покрив (со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 60°)
- Колскиот пристап до парцелата е обезбеден преку улица "Славејко Арсов"-1
- Обезбеден број на паркинг места: 8 (потребниот број на паркинг места се димензионира според стандардот: 1 паркинг место на секои 80м2 од вкупно изградената површина)
- Паркирањето ќе биде во сопствена парцела.
- Максималната височина на нултата плоча во однос на котата на тротоарот од страна на пристапната улица изнесува 120см.
- Режим на градење под земја: дозволено е градење во рамки на градежната парцела, на начин прикажан на графичките прилози.
- За дозволените пречекорувања да се почитуваат одредбите дефинирани во Општите услови за изградба на овој УП.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

6. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УП

6.1. Нумерички показатели

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ предвидени со УП												
Број на градежна парцела	Број на градби	Класа на намена	Поединечна намена	Компатибилни класи на намена во однос на класата на намена	Површина на градежна парцела (м²)	Максимална површина за изградба (м²)	Вкупна изградена површина на сите катови (м²)	Максимална висина на хоризонтален венец(м)	Катност	Процент на изграденост %	Коефициент на искористеност (К)	Паркирање
ГП5.126.127	1	А1	А1.1	Б1(30%), В1(30%), Д3(30%)	331	151	604	10.2	П+2+Пк	45.6	1.82	Во рамки на парцела (8ПМ)

Новоформирана градежна парцела	Максимална дозволена вкупна изградена површина (бруто м²)	Стандард	Потребен број на паркинг места	Обезбеден број на паркинг места
ГП 5.126.127	604	1 паркинг место на секои 80м²	**8**	**8**

СПОРЕДБА НА БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ							
Остварени со УП	Број на парцела	**5.126.127**	Биланси показатели Според ДУП	Број на парцела	**5.126**	**5.127**	**ВКУПНО**
	Површина на опфат (м²)	**331**		Површина на опфат (м²)	**331**		**331**
	Површина на парцела (м²)	**331**		Површина на парцела (м²)	**173 м²**	**158 м²**	**331**
	Површина за градење (бруто м²)	**151**		Површина за градење (бруто м²)	**79 м²**	**72 м²**	**151**
	Вкупна изградена површина (бруто м²)	**604**		Вкупна изградена површина (бруто м²)	**316 м²**	**288 м²**	**604**
	Процент на изграденост (П габарит/П парцела %)	**45,6%**		Процент на изграденост (П габарит/П парцела %)	**45.66%**	**45.57%**	**45,6%**
	Коефициент на искористеност (П раз.површ/П парцела)	**1.82**		Коефициент на искористеност (П раз.површ/П парцела)	**1.83**	**1.82**	**1.82**
	Катност	**П+2+Пк**		Катност	**П+2+Пк**	**П+2+Пк**	**П+2+Пк**
	Висина до венец	**10,2м**		Висина до венец	**10,2м**	**10,2м**	**10,2м**

* * *

БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ

РАБОТЕН ТИМ:

Планер - потписник:	**Нора Арсовска-Георгиевски**, дипл.инж.арх.	*Овласт. бр.0.0368*
Планери:	м-р **Стефан Лазаревски**, дипл.инж.арх.	*Овласт. бр.0.0368*
Соработници:	**Томаида Димитровска**, маг.инж.арх.	
	Љубица Ефтимова, маг.инж.арх.	

ПИСМА ДО ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ДРУГИ СУБЈЕКТИ согласно став 2 од член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20):

1. ЈП Државни патишта
2. ЈП Македонски железници, Скопје
3. ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ
4. ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, Подрачно одделение Центар
5. УПРАВА ЗА ЗАШТИТА И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО при Министерство за култура, Скопје
6. ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ
7. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје
8. А1 Македонија
9. ЈП Водовод и канализација, Скопје
10. ГА-МА АД - Скопје
11. Агенција за електронски комуникации, Скопје
12. АД МЕПСО, Скопје
13. АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА, Скопје
14. МВР, Скопје
15. Министерство за одбрана, Скопје
16. Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа
17. Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за животна средина
18. Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за води
19. МЕР, Скопје
20. Агенција за цивилно воздухопловство, Скопје
21. Општина Центар

Добиени известувања од:

- ЈП Државни патишта, допис бр. 10-12306/2 од 13.12.2022
- ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, бр. 10-26/2-458 од 22.07.2022 година
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, бр. 09-396/2 od 06.12.2022 година
- УПРАВА ЗА ЗАШТИТА И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО при Министерство за култура, Скопје допис бр. 08-2023/2 од 16.08.2022
- ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ, бр. 03-1774 од 20.07.2022 година
- МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје, бр. 44531 од 22.07.2022 година
- ЈП Водовод и канализација, Скопје, бр. 1302-2401/2 од 27.07.2022
- Агенција за електронски комуникации, Скопје, допис бр. 1404-2223/2 од 14.08.2022
- АД МЕПСО, Скопје, бр. 11-4224/1 од 03.08.2022
- МВР, Скопје бр. 11.2.80828/2 од 23.08.2022
- Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа, бр. 11-5768/4 од 19.08.2022
- Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за животна средина, бр. 11-5769/2 од 04.08.2022
- Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за води, бр. 11-5770/4 од 19.08.2022
- МЕР, Скопје, бр. 15-2295/2 од 27.07.2022
- Агенција за цивилно воздухопловство, Скопје, бр. 12-8/731 од 19.07.2022 година
- Општина Центар, бр. 26-3834/2 од 08.08.2022

Од останатите органи на државна управа и други субјекти, заклучно со денот на поднесување на овој план, не се добиени податоци и информации и согласно член 47, став 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20) „*се определува дополнителен рок од пет дена со опомена да ги достават бараните податоци и информации со кои располагаат, а во спротивно евентуалните идни штети, настанати поради недостасувањето на податоците и информациите или не одговарањето на барањето се на нивен товар*“

ПРИЛОЗИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ I

ПИСМА ДО ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ДРУГИ СУБЈЕКТИ согласно став 2 од член 47 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20):

1. ЈП Државни патишта
2. ЈП Македонски железници, Скопје
3. ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ
4. ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, Подрачно одделение Центар
5. УПРАВА ЗА ЗАШТИТА И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО при Министерство за култура, Скопје
6. ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ
7. МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје
8. А1 Македонија
9. ЈП Водовод и канализација, Скопје
10. ГА-МА АД - Скопје
11. Агенција за електронски комуникации, Скопје
12. АД МЕПСО, Скопје
13. АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА, Скопје
14. МВР, Скопје
15. Министерство за одбрана, Скопје
16. Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа
17. Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за животна средина
18. Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за води
19. МЕР, Скопје
20. Агенција за цивилно воздухопловство, Скопје
21. Општина Центар

Добиени известувања од:

- ЈП Државни патишта, допис бр. 10-12306/2 од 13.12.2022
- ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, бр. 10-26/2-458 од 22.07.2022 година
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, бр. 09-396/2 od 06.12.2022 година
- УПРАВА ЗА ЗАШТИТА И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО при Министерство за култура, Скопје допис бр. 08-2023/2 од 16.08.2022
- ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ, бр. 03-1774 од 20.07.2022 година
- МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД Скопје, бр. 44531 од 22.07.2022 година
- ЈП Водовод и канализација, Скопје, бр. 1302-2401/2 од 27.07.2022
- Агенција за електронски комуникации, Скопје, допис бр. 1404-2223/2 од 14.08.2022
- АД МЕПСО, Скопје, бр. 11-4224/1 од 03.08.2022
- МВР, Скопје бр. 11.2.80828/2 од 23.08.2022
- Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за природа, бр. 11-5768/4 од 19.08.2022
- Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за животна средина, бр. 11-5769/2 од 04.08.2022
- Министерство за животна средина и просторно планирање, Сектор за води, бр. 11-5770/4 од 19.08.2022
- МЕР, Скопје, бр. 15-2295/2 од 27.07.2022
- Агенција за цивилно воздухопловство, Скопје, бр. 12-8/731 од 19.07.2022 година
- Општина Центар, бр. 26-3834/2 од 08.08.2022

Од останатите органи на државна управа и други субјекти, заклучно со денот на поднесување на овој план, не се добиени податоци и информации и согласно член 47, став 4 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20) „*се определува дополнителен рок од пет дена со опомена да ги достават бараните податоци и информации со кои располагаат, а во спротивно евентуалните идни штети, настанати поради недостасувањето на податоците и информациите или не одговарањето на барањето се на нивен товар*“

bonor_inzenering@yahoo.com
Друштво за проектирање, изведување и Трговија БОНОР-ИНЖЕНЕРИНГ БЛАЖЕ ДООЕ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
44531

Статус:
Кај општини/институции

Наслов
Барање на ПИМ за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2

Датум на креирање
15.07.2022

Иницијатор
Друштво за проектирање, изведување и Трговија БОНОР-ИНЖЕНЕРИНГ БЛАЖЕ ДООЕ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

Надлежен орган
/

ДОКУМЕНТИ | ДИСКУСИЈА

Пребарај

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис
Известување до Бонор инж. за УППП за ГП 5.126 и 5.127 во ДУП Ј 06	Податоци и информации	biljana.naskovikj@centar.gov.mk	08.08.2022 10:15:23	Известување	Да
475. АЕК 1404-2223-2+	Податоци и информации	sofka.jovevska@aec.mk	04.08.2022 12:45:03		Да
АД МЕПСО	Податоци и информации	angela.georgievska@mepso.com.mk	04.08.2022 12:38:45	податоци.АД МЕПСО	Не
2022.07.27 15-2295-2 BONOR INZHENERING-ODGOVOR 2042	Податоци и информации	contact@mer.com.mk	29.07.2022 12:05:21	NER AD Skopje	Не
Одговор Е - урбанизам Бонор Инженеринг за ГП 5.126 и ГП 5.127 од ДУП за ГЧ Ј06 дел од лока.Тасино Чешмиче 1 и 2	Податоци и информации	maja.ikonomova@vodovod-skopje.com.mk	27.07.2022 13:31:13		Да
Ситуација на подземни инсталации ЈП ВиК	Податоци и информации	maja.ikonomova@vodovod-skopje.com.mk	27.07.2022 13:31:09		Да
Odgovor-Telekom	Податоци и информации	Nikolce.Tasevski@telekom.mk	22.07.2022 15:34:22	Допис Македонски Телеком АД Скопје	Да
ED_Mrezha	Податоци и информации	Gjorgji.Polincev@evn.mk	22.07.2022 14:01:37	ED	Да
ED_Mrezha_DWG	Податоци и информации	Gjorgji.Polincev@evn.mk	22.07.2022 14:01:45	ED	Да
ED_Odgovor_potvrda	Податоци и информации	Gjorgji.Polincev@evn.mk	22.07.2022 14:01:48	ED	Да

← Претходни 1 2 Следни →

Прикажани 1 - 10 од 15 ставки

Акции

Нема дозволени акции

Процесни дијаграми

Графички тек на процесот

- ПИМ.pdf

Помош

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
44531

Статус:
Кај општини/институции

Наслов
Барање на ПИМ за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2

Датум на креирање
15.07.2022

Иницијатор
Друштво за проектирање, изведување и Трговија БОНОР-ИНЖЕНЕРИНГ БЛАЖЕ ДООЕ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

Надлежен орган
/

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис
BEG potvrda #44531	Податоци и информации	zpetkova@beg-distribucija.com.mk	20.07.2022 12:20:39		Да
731 - ПИ 44531 - УПр за ГП 5.126 од ДУП за ГЧ Ј06 Тасино Чешме 1 и 2, о.Центар - БОНОР Инг	Податоци и информации	bijovanova@caa.gov.mk	19.07.2022 12:38:12	АЦВ	Да
1.0_Opsto pismo za podatoci i informacii	Друг тип на документ	bonor_inzenering@yahoo.com	15.07.2022 11:01:04		Да
2.1. Azurirana geodetska podloga so GPO	Ажурирани геодетски подлоги	bonor_inzenering@yahoo.com	15.07.2022 11:00:52		Да
2.2.Azurirana geodetska podloga so GPO	Ажурирани геодетски подлоги	bonor_inzenering@yahoo.com	15.07.2022 11:00:41		Да

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
47699

Статус:
Кај општини/институции

Наслов
Повторно барање на ПИМ за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2

Датум на креирање
30.11.2022

Иницијатор
Друштво за проектирање, изведување и Трговија БОНОР-ИНЖЕНЕРИНГ БЛАЖЕ ДООЕ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

Надлежен орган
/

Документи за барањето

Име на документот	Тип на документ	Креирано од	Креирано на	Опис	Дигитален Потпис
Scan Dec 13 - 2022 (3)	Податоци и информации	dragicag@roads.org.mk	16.12.2022 07:26:22	Одговор од ЈП ДП	Да
1.0_Povtorno PIM	Друг тип на документ	bonor_inzenering@yahoo.com	30.11.2022 14:44:22		Да
2.1. Azurirana geodetska podloga so GPO	Ажурирани геодетски подлоги	bonor_inzenering@yahoo.com	30.11.2022 14:43:46		Да
2.2.Azurirana geodetska podloga so GPO	Ажурирани геодетски подлоги	bonor_inzenering@yahoo.com	30.11.2022 14:43:37		Да

← Претходна 1 Следна →

Прикажани 1 - 4 од 4 ставки

bonor_inzenering@yahoo.com
Друштво за проектирање, изведување и Трговија БОНОР-ИНЖЕНЕРИНГ БЛАЖЕ ДООЕ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

ИНФОРМАЦИИ | ИСТОРИЈА НА ДВИЖЕЊЕ | ИСТОРИЈА НА ПРОМЕНИ | РЕЛЕВАНТНИ ПОСТАПКИ | МИСЛЕЊА ОД ОПШТИНИ / ИНСТИТУЦИИ

Институции

Додади институција | Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА	05.12.2022	/		☑
Министерство за Внатрешни работи	05.12.2022	/		☑
ЕЛЕМ	05.12.2022	/		☑
АД ГАМА	05.12.2022	/		☑
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје	05.12.2022	/		☑
ДЗС Центар	05.12.2022	/		☑
Јавно претпријатие за државни патишта	05.12.2022	16.12.2022		☑

← Претходни 1 Следни →

Прикажани 1 - 7 од 7 ставки

Општини

Додади општина | Пребарај

Општина	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
Нема резултати за прикажување				

Прикажани 0 - 0 од 0 ставки

Бр/Nr. 10-12306/2
13 -12- 2022
Скопје/Shkup_____година/viti

ДО БОНОР-ИНЖЕНЕРИНГ дооел
ул. Боро Петрушевски бр. 9/сутерен
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0302-22 од 30.11.2022год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.126 и ГП 5.127 од ДУП за градска четврт Ј06, дел од локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче 2, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-12306/1 од 07.12.2022 година:

- Ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека приложениот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-26/2-458 од 22.07.2022
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев

Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0701-12 од 05.07.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија


При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

EVN Group

Датум: 22.07.2022



Република Северна Македонија

Министерство за култура

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 08 – 2023/2
16.08.2022 година
Скопје

ДО

БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ

ул. „Боро Петрушевски“ бр.9/сутерен

1000 СКОПЈЕ

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр. 0701 – 12 од 05.07.2022 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.126 и ГП 5.127 од ДУП за градска четврт Ј06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор,

Аријан Аслanај

Изработил: З. Тодоровски

Одобрил: м-р Б. Јовановска

Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage

ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

До
БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ
Ул. Боро Петрушевски бр. 9/сутерен
1000 Скопје

Сектор за надзор, проектирање и развој на дистрибутивни системи

ул. Лондонска бр. 8, 1000 Скопје, п. фах. 15
Телефон: +389 2 5514-027
Факс: +389 2 5514-040

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија
ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА
БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ
Бр. 03-1774
20.07.2022 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Во врска со Вашето барање број 0701-12 од 05.07.2022 (наш број 08-1767 од 20.07.2022), Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ - Скопје, ја издава следната:

П О Т В Р Д А

Согласно приложеното барање **на податоци и информации за потребите на изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2 - според ситуацијата во прилог** - и со преглед на нашата документација констатиравме дека:

НЕ ПОСТОИ ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА
со која управува Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ.

Важноста на потврдата изнесува **6 месеци** сметано од денот на издавањето.

Изработил:

Загорка Петкова, *дипл.град.инж.*

Одобрил:
Раководител на сектор

Димитар Чичов, *дипл. маш. инж.*

Друштво за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје
* СКОПЈЕ *

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 44531
Дата: 22.07.2022

До
Друштво за проектирање, изведување и трговија
БОНОР Инженеринг
Ул. Боро Петрушевски бр.9 – сутерен, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

До: „БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ "Скопје
ул. "Боро Петрушевски" бр 9, 1000 Скопје
Предмет: 1302-2401/1 од 21.07.2022
Дата:27.07.2022

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-2401/2
Дата data 27-07-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со број 0701-12 од 05.07.2022 год. креирано на страната на е-урбанизам на 21.07.2022 год. и заведено кај нас под бр.1302-2401/1 од 21.07.2022 со кое не известувате дека за потребите на изработка на

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2

ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат (М = 1:1000) и барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате УП и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) **преку страната на системот е-урбанистчики планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

- ситуација во М 1: 500 во pdf формат со прикажана граница на планскиот опфат и нашата постоечка инсталација.
- Што се однесува до прикажување на **предвидена хидротехничка инфраструктура** на предметниот локалитет ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на

важечки Детални Урбанистички Планови и изработени Основни Проекти (ако такви постојат) за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Центар и секако решенијата од ГУП на Град Скопје.

Вашите решенија за предвидената улична хидротехничка инфраструктура во комбинација со веќе постоечката хидротехничка инфраструктура (водоводна и канализациона мрежа) треба да добијат позитивно мислење од наша страна (во процесот на постапката што ќе ја води О.Центар и треба да бидат основа за издавање на Хидротехнички услови за секој објект, што се наоѓа во состав на предметниот локалитет.

НАПОМЕНА:

Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации“ на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60м. односно 1.00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.

- Минимално растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од Ø 500 мм. а предвиден со ГУП на град Скопје- водоводен и

канализационен систем да изнесува 5.0 м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø 500 мм. да изнесува 6.0 м.

НАПОМЕНА: Просторните податоци за линиските хидротехнички објекти , имаат важност 6 месеци од денот на издавањето.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова


дипл.град.инж.Нина Шалева

Проверил:

М-р Хариклија Порчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ


Бр. 1302-2401/1
27.07.2022 год.
ЛЕГЕНДА:
1:500
N
Постоечка водоводна мрежа

Наш број: 1404-2223/2
Скопје: 04.08. 2022 г.

ДО:
БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ
ул. „Боро Петрушевски“ бр.9
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваше барање бр. 0701-12 од 07. 2022 г. преку е-урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2, према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 21.07.2022
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов
Советник на Директорот
Игор Бојациев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ
ул. Боро Петрушевски бр.9/ сутерен
1000, Скопје

Бр.11-4224/1

03.08.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр. 0701-12 од 05.07.2022 година, предмет креиран на Е-урбанизам на 15.07.2022 година, со број на постапка 44531, (наш број 11-4224 од 01.08.2022 година) за податоци и информации потребни за изработка **на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2, НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи

- Оддел за информатика и телекомуникации-
Сектор за телекомуникации

Рег. бр. 11.2.80828 /2
Скопје, 23.08.2022
24. 08. 2022

До:
БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ
Ул. Боро Петрушевски бр.9 – сутерен
1000 Скопје

Предмет: Одговор по барање податоци за постоечки инсталации, доставува.-
Врска: Ваш акт бр. 0701-12 од 05.07.2022 год.

Во врска со Вашето барање, Ве известуваме дека за посочената локација (Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.126 и ГП 5.127 од ДУП за градска четврт Ј06, дел од локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче 2) не располагаме со податоци за постоење на наша телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации, задолжително да бидеме известени.

Со почит,
Лице за контакт: Ефтим Панов, тел: 072/228-556

НАЧАЛНИК НА СЕКТОР
Јане Стојанов

Подготвил: Ефтим Панов
Согласен: Дејан Костадинов

Изработено во: 1 (еден) примерок
и 1 (една) копија и доставено до:
- Примател - примерок 1
- Архива на сектор – копија

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ПРИРОДА - SEKTORI I NATYRËS

Арх. Бр./Nr.Arh. 11-5768/4

Дата/Data: 19. 08. 2022 год./viti

ДО/DERI TE: **Друштво за проектирање, изведување и трговија БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ**

Ул. Боро петрушевски бр.9

1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LENDA: **Известување**

Почитувани,
I nderuar,

Во врска со доставениот допис со акт бр. 11-5768/1 од 18.07.2022 година доставено од страна на Друштво за проектирање, изведување и трговија Бонор Инженеринг од Скопје кое се однесува на барање на податоци и информации за Урбанистички проект со пкан за парцелација за ГП 5.126 и ГП 5.127 од дуп за градска четврт J06, дел од локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче2 , Скопје, Република Северна Македонија. Секторот за природа при Управата за животна средина како орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата и увидот на доставената документација, Ве известува за следното:

Врз основа на приложената документација од Ваша страна – Ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и мислењето од страна на Службата за просторен информативен систем (допис бр. 16-5768/3 од 12.08.2022), констатирано е дека просторот на горенаведената предметната локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија.

Со почит,
Me respekt

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор /Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Isuf Fetai
Контролирал/Kontrolloi: м-р Сашко Јорданов
Одобрил/Aprovoi: М-р Влатко Трпески

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

Арх.бр./Nr.Arh.11- 5769/2
Дата/Data 04 -08- 2022 год. /viti

ДО/DERI TE: "БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ"
Ул." Боро Петрушевски" бр.9/сутерен
1000 Скопје

ВРСКА/LIDHJA: Ваш број: 0701-12 од 05.07.2022 година

ПРЕДМЕТ/LENDA: Доставување на мислење

Почитувани,
Të nderuar,

Во врска со Вашето барање за мислење, податоци и информации со број 11–5769/1 од 18.07.2022 година, а кое се однесува за **Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.126 и ГП 5.127 од дуп Градска четврт Ј06, дел од локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче 2**, Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве информира дека согласно од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22), за донесување на планска документација најпрво потребно е да се утврди потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијание врз животната средина која ја спроведува Секторот за просторно планирање во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Пред одобрување на урбанистичкиот план/проект потребно е да се прибави мислење од секторот природа и секторот води при Управата за животна средина.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - SEKTORI PËR MJEDIS JETËSOR

Секторот за животна средина при Управата за животна средина Ви укажува дека согласно Законот за животна средина , оценката на влијанието на животната средина се спроведува на определени проекти кои можат да имаат значително влијание врз животната средина.

Пред започнување со било какви проектни активности инвеститорот е должен да постапи согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.74/05, 109/09, 164/12 и 202/16) Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Службен весник на Република Македонија бр.80/09 и 36/12) и Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје (Службен весник на Република Македонија бр. 80/09 и 32/2012).

Со почит,
Me respekt,

Управа за животна средина / Drejtoria për mjedis jetësor
Директор / Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Сани Реџепи

Контролирал/Kontrolloi: Александар Петковски

Согласен/Miratoi:Билјана Петкоска

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403

www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE

Арх. бр/Nr. arh.11-5770/4

Дата/Data: 19-08-2022

ДО/DERI TE: „Бонор Инженеринг“ Скопје
Ул.„Боро Петрушевски“ бр.9/сутерен
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ/LËNDA: Известување

Почитувани,
I nderuar,

Во врска со Вашето барање за добивање на податоци и информации потребни во постапка за изработување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 5.126 и ГП 5.127 од ДУП за градска четврт Ј06, дел од локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче 2, КО Центар 2, по разгледување на доставената ажурирана геодетска подлога со нанесен проектен опфат и прибавено мислење од Службата за просторен информативен систем при Министерството за животна средина и просторно планирање од 04.08.2022 година, утврдено е дека предметната локација не се наоѓа во границите на заштитените подрачја во Република Северна Македонија и не е во рамките на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот план на РМ 2002-2020, а притоа не се идентификувани водотеци, водостопански објекти и заштитни зони за водни тела.

Во согласност со Законот за водите (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21) за да не дојде до нарушување на режимот на водите, при изработка на планската документација потребно е да бидат исполнети следните критериуми од аспект на заштита на водите:

- Заради заштита и спречување од оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките;

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE

- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно - техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците;

- Објектите и постројките кои што во процес на производство, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води;

- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена;

- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции;

- Одговорните за изработка на проектната документација, потребно е да имаат во предвид дека испуштањето на атмосферските води од одводните канали не смее да предизвика нарушување и/или влошување на состојбата со квалитетот на водното тело - реципиент, утврдена во Уредбата за категоризација и класификација на водите во РМ (Сл. Весник бр. 18/99);

Воедно, Ве информираме дека Министерството за животна средина и просторно планирање не располага со податоци по однос на местоположбата на постоечките или планирани водоводни и канализациони инсталации на планираниот опфат, и не управува со истите. Според одредбите од Законот за регистрација на подземни и надземните инфраструктурни објекти и придружни инсталации (Сл.Весник на Република Македонија бр.6/12) општините, општините во градот Скопје и градот Скопје се одговорни да водат евиденција и да воспостават Регистар на подземни и надземни инфраструктурни објекти и придружни инсталации, секоја за своето подрачје.

По однос на постојни водостопански објекти во склоп на системите за наводнување и системите за одводнување, надлежен правен субјект кој управува со истите е АД Водостопанство на Република Македонија.

УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR

СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTAMENTI I UJËRAVE

Ве известуваме дека согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава Дозволи за користење на води, односно дозволи за испуштање во водите на правни и физички лица, вклучувајќи ги и органите на државна управа и општините, кои испуштаат отпадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанции во реципиентите, под услови и на начин утврдени со законот за водите.

Со почит,

Me respekt,

Управа за животна средина/Drejtoria për mjedis jetësor
Директор/u.d.Drejtor
Hisen Xhemaili

Изработил/Përpiloi: Наташа Павловска
Контролирал/Kontrolloi Мелита Гочевска
Согласен/Miratoi: Ylber Mirta

Министерство за животна средина и просторно планирањена Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për veprimtaritë e
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 15-2295/2
27.07 2022 год.vit
Скопје-Shkup

До:
БОНОР-ИНЖЕНЕРИНГ БЛАЖЕ ДООЕ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање за податоци и информации, со ваш бр. 0701-12 од 05.07.2022 г.

Согласно вашето Барање за податоци и информации, за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2, со ваш бр. 0701-12 од 05.07.2022 година,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
2042

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

До: **БОНОР-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕ СКОПЈЕ**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0701-12 од 05.07.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 44531)

бр. 12-8/731

Скопје, 19.07.2022 година

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 5.126 И ГП 5.127 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј06, ДЕЛ ОД ЛОКАЛИТЕТ ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 1 И ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ 2

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

ОПШТИНА ЦЕНТАР
Скопје

Архивски бр.: 26-3834/2
Датум: 08-08-2022

ДО
БОНОР ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје
ул.„Боро Петрушевски" бр.9/сутерен, Скопје

Предмет: Известување

Врз основа на член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20) до Општина Центар-Скопје преку информацискиот систем е-урбанизам (број на постапка: 44531) доставивте предмет *„Барање на податоци и информации"* заведен со бр.26-3834/1 од 20.7.2022 година (ваш деловоден број 0701-12 од 5.7.2022г.).

Со оглед на тоа што станува збор за издавање податоци и информации за постапка за изработка на *„Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 5.126 и ГП 5.127 од ДУП за градска четврт Ј 06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2"*, **ве упатуваме одново да го поднесете барањето до Општината за издавање извод од соодветниот ДУП во информацискиот систем е-Одобрение за градење**.

По овластување на Градоначалник
Раководител на Сектор за урбанизам
Александра Марсеник Крајчески, диа

ул. Михаил Цоков бр.1, 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
Бр. 27-2946/3 **од** 19.05.2021 год.

Сектор за урбанизам
- Одделение за градежништво

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 604/2021

ДУП: Детален Урбанистички План за Градска Четврт Ј06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар

Одлука бр.: 08-5980/6 **од** 10.12.2019


Намена на градба:Домување во станбени куќи

Улица: „Христо Чернопеев" бр./

К.О.Центар 2 **К.П.**2413

М:1:1000

Извод за градежна парцела
бр. 5.126



СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - ✓ **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето на извод со:**
     - ✓ легенда
     - ✓ табела со нумерички показатели
   - ✓ **Заверена копија од други графички прилози со легенда:**
     - ☐ Сообраќаен план – план на подземно паркирање
     - ✓ Сообраќаен план – нивелациски план
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - ✓ **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, параметри за спроведување на планот, заштита и културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, движење на хендикепирани лица и сл.
   - ☐ **Заверена копија од други услови**
3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**
   - ✓ Текстуален дел
   - ✓ Графички приказ

Изготвил :
Злата Стефановиќ,арх.тех.

ГРАДОНАЧАЛНИК
САША БОГДАНОВИЌ

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ И ЛЕГЕНДА

Класа на намена	Компатибилна класа на намена	Максимална катност	Максимална висина	Потребен број на паркинг места
А1	Б1-30%; В1-30%, Д3-30% до 30%	П+2+Пк	10.20	во град. парцела
Површина за градба (м2)	**Бруто развиена (м2)**	**Површина (м2)**	**Коефициент на искористеност**	**Процент на изграденост**
79	316	173	1,83	45,66

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ОПФАТ 50,23ха

ГРАНИЦА НА БЛОК

ГРАНИЦА НА ЛИНИСКИ ЦЕНТАР

ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

РЛ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

ПОМОШНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

1.17 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

H=10,20m МАКСИМАЛНА ВИСИНА

П+2+Пк КАТНОСТ

248,70 ВИСИНСКА КОТА

0,46% 75,90m НИВЕЛМАН

КЛАСИ НА НАМЕНИ

А1 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ

А2 ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

А3 ГРУПНО ДОМУВАЊЕ

А4 ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ

Б1 МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ДЕЈНОСТИ

Б5 ХОТЕЛИ

В1 ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

В2 ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ


Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО

Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА

Комунална инфраструктура - мапа




Комунална инфраструктура - легенда


КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА




ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА




ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА-ЗА ДИСЛОКАЦИЈА



ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА




ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА



ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА



ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА



ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

ПОСТОЈНА ВРЕЛОВОДНА МРЕЖА

ПОСТОЈНА ВРЕЛОВОДНА МРЕЖА-ЗА ДИСЛОКАЦИЈА

ПЛАНИРАНА ВРЕЛОВОДНА МРЕЖА

ПОСТОЈНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА


ПЛАНИРАНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА

ПЛАНИРАН ГАСОВОД



ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА

Сообраќајна инфраструктура - мапа



Сообраќајна инфраструктура - легенда

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

КОЛОВОЗ

ТРОТОАР

КОРИДОР НА ПРИМАРНА СООБРАЌАЈНА МРЕЖА ДЕФИНИРАН СО ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ 2012-2022


ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

ПЕШАЧКИ УЛИЦИ

ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ


СОБИРНИ УЛИЦИ

ПРЕСЕК А - А




УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"

ПРЕСЕК А.1 - А.1



ЈУЖНА ОБИКОЛНИЦА-ВОДНО


ПРЕСЕК Б - Б



ЈУЖНА ОБИКОЛНИЦА-ВОДНО


СЕРВИСНИ УЛИЦИ

ПРЕСЕК 1-1




УЛ. „ВОСТАНИЧКА"
УЛ. „РИЛСКИ КОНГРЕС"
УЛ. „ГЕОРГИ СКРИЖЕВСКИ"
УЛ. „ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ"

ПРЕСЕК 2-2




УЛ. „БЕЛГРАДСКА"

ПРЕСЕК 3-3




УЛ. „ЦРНИЧЕ"
УЛ. „ПАРТЕНИЈ ЗОГРАФСКИ"
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-4
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-5
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-11

ПРЕСЕК 4-4



УЛ. „ЦРНИЧЕ"


ПРЕСЕК 17-17



УЛ. „ЦРНИЧЕ"

ПЕШАЧКИ УЛИЦИ

ПРЕСЕК 14-14



УЛ. „ПАРТЕНИЈ ЗОГРАФСКИ"-2
УЛ. „ЦРНИЧЕ"-2
УЛ. „ГОЕРГИ СКРИЖЕВСКИ"-2
УЛ. „ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ"-1

ПРЕСЕК 15-15



УЛ. „ЦРНИЧЕ"-3
УЛ. „ЦРНИЧЕ"-4
УЛ. „ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ"-1
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-3
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-2
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"-6

ПРЕСЕК 16-16



УЛ. „ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ"-3

ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ

ПРЕСЕК 18-18



ПЕШАЧКА ПАТЕКА 1

ПРЕСЕК 20-20



ПЕШАЧКА ПАТЕКА 3
ПЕШАЧКА ПАТЕКА 4
ПЕШАЧКА ПАТЕКА 6
ПЕШАЧКА ПАТЕКА 7
ПЕШАЧКА ПАТЕКА 8
ПЕШАЧКА ПАТЕКА 9

ПРЕСЕК 21-21



ПЕШАЧКА ПАТЕКА 2


ПРЕСЕК 19-19



ПЕШАЧКА ПАТЕКА 5


СТАНБЕНИ УЛИЦИ

ПРЕСЕК 5-5




УЛ. „ГЕОРГИ СКРИЖЕВСКИ"
УЛ. „ГЕОРГИ СКРИЖЕВСКИ"-1
УЛ. „ДРАМСКА"
УЛ. „ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ"
УЛ. „ТАСИНО ЧЕШМИЧЕ"-2
УЛ. „ХРИСТО ЧЕРНОПЕЕВ"
УЛ. „ДИМИТАР БЕРОВСКИ"
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-7
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-8
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"-2
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"-5
УЛ. „БЕЛГРАДСКА"-1
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-4
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-11
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-12
УЛ. „БАНСКО"-1
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-7
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-8
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-9
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-3

ПРЕСЕК 7-7




УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-6

ПРЕСЕК 8-8



ЈАВЕН ПАРКИНГ-
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-4

ПРЕСЕК 9-9



ЈАВЕН ПАРКИНГ-
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"-2


ПРИСТАПНИ УЛИЦИ

ПРЕСЕК 6-6



УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-1

ПРЕСЕК 10-10



УЛ. „ПАРТЕНИЈ ЗОГРАФСКИ"-1
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-1
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-11
УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-13
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-1
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-5
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-9
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"-1
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"-2
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"-3
УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ 4"-4
УЛ. „ЦРНИЧЕ"-1

ПРЕСЕК 11-11




УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-2

ПРЕСЕК 12-12



УЛ. „СЛАВЕЈКО АРСОВ"-6

ПРЕСЕК 13-13



УЛ. „ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ"-11

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

1.1 Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите и конкретните решенија во Детален урбанистички план за Градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар, Скопје.

Условите за изградба ќе се применуваат на целиот плански опфат чии граници и мери се дадени во графичкиот прилог во Р=1:1000.

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 50,23ха, а просторот во рамките на регулационата линија дефинирана со Генералниот урбанистички план има површина од 48,33ха.

Планскиот период на овој план е 2016-2021 година.

Овие општи услови за изградба се составен дел на Детален урбанистички план за Градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар, Скопје.

Планскиот документ е изработен во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр. 78/06, 37/14) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

Изградбата и доградбата на објектите, како и вкупното просторно уредување на предметниот плански опфат треба да се изведува во согласност со законската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие Општи услови за изградба.

Во планот е застапена основна класа на намена и компатибилна класа на намена во согласност со член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

Основните класи на намена на земјиштето во планскиот опфат

Класа на намена А:

- А1 - Домување во станбени куќи, со компатибилни намени: Б1 до 30%, В1 до 30%, Б5 до 5% и Д3 до 30% со вкупно учество на компатибилните намени до 30%
- А2- Домување во станбени згради, со компатибилни намени:Б5 до 15%, Б1 до 20%, Б2 до 30%, Б4 до 20% В3 до 40%, В4 до 10% и Д3 до 40% со вкупно учество на компатибилните намени до 40%
- А3 - Групно домување , со компатибилни намени: Б1 до 20%, Б2 до 20%, В1 до 20%,В2 до 20%,В3 до20% и Д3 до 20% со вкупно учество на компатибилните намени до 20%
- А4-Времено сместување

Класа на намена Б:

- Б1- Мали комерцијални и деловни дејности со компатибилни намени: А1 до 20%, А3 до 20% и Б4 до 20% со вкупно учество на компатибилните намени до 40%
- Б5 - Хотелски комплекси со компатибилни намени:Б1до 40%,Б2 до 40%,Б3 до 40%,Б4 до 40%,Б6 до 40%,В2 до 40%,В3 до 40% и Д3 до 40%, со вкупно учество на компатибилните намени до 40%

Класа на намена В

- В1- Образование и наука со компатибилни намени: А3 до 20%,Б1 до 10%,Б4 до 10%,В3 до 20% и Д3 до20%, со вкупно учество на компатибилните намени до 20%.
- В2 – Здравство и социјална заштита
- В4-Државни институции

Класа на намена Д

- Д1 – Парковско зеленило
- Д2 – Заштитно зеленило
- Д3 – Спорт и рекреација

Класа на намена Е

- Е2 – Комунална супраструктура-планирани трафостаници
- Е2 – Комунална супраструктура-Во северозападниот дел на локалитетот постои и пумпна станица за потребите на градскиот водоснабдителен систем.

1.2 Составен дел на овие Услови за градба се Документационата основа и Планската документација за предметниот Детален урбанистички план со свој текстуален и графички дел во Р=1:1000.

Графичкиот дел го сочинуваат прилози од

- документационата основа: Извод од Урбанистички план за Градска четврт Ј06; Изводи од важечки детални урбанистички планови; Ажурирана геодетска подлога; Инвентаризација и снимање на постоен градежен фонд и вкупната физичка супраструктура; Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура;

- планска документација: Регулационен план; План на површини за градење; Сообраќаен и нивелациски план, Инфраструктурен план и Синтезен план.

1.3 Регулаторните линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото за градење. Регулаторни линии се регулациона линија и граница на градежната парцела, кои се дефинирани во планот во согласност со член 13, 14 и 17 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

1.4 Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на градење, и ќе се дефинира во согласност со член 22 и член 23 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

Градежните парцели се со различна површина и дадени се во планот на парцелација како и во табеларните прикази.

1.5 Намената за земјиштето и намената на површините за градба се базираат на одредбите на Генералниот урбанистички план на град Скопје и Детален урбанистички план за градска четврт Ј06, Дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, како и на важечките детални урбанистички планови за овој простор.

Поконкретно објаснување на системот на класи на намени е дадено во член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

1.6 Особено се препорачува водење сметка за компатибилните класи на намена што е во согласност со член 33 и 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

1.7 Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради и се дефинира во согласност со член 35, член 36, член 37 и член 38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

Во вкупната изградена површина за секоја градежна парцела не се пресметани површините од дозволената второстепена пластика (еркери, балкони, конзоли и сл.). Процентот од вкупната должина од фасадата кој може да го зафати одреден тип на архитектонска пластика да изнесува до 70%.

1.8 Површина за градење е планска одредба со која во Деталниот урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

Во секоја градежна парцела има само една површина за градење во која може да се гради само еден објект, со исклучок на градежните парцели за кои со Посебните услови за градба од овој урбанистички план е дефинирана можност за изградба на повеќе објекти во рамките на градежната парцела.

Во случаите кога со планот се утврдува простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби согласно дозволениот процент на изграденост на земјиштето, истите се определуваат преку изработка на архитектонско-урбанистички проект.

При одредување на површина за градба, потребно е да се запазат: висини, растојанија, процент на изграденост на парцелата, коефициент на искористеност на земјиштето (однос меѓу бруто развиена површина на сите нивоа на објектот и површината на парцелата).

Дозволено е етапно градење доколку е можно оформување на логични и оправдани архитектонски целини и доколку се докаже со проектната документација дека реализацијата на првиот дел од површината за градба не ја попречува целосната реализација на планираната површина за градба.

1.9 Диспозицијата на површината за градење во градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење и намената на градежната парцела, што е дефинирано во член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

1.10 Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со

теренот се совпаѓа со градежната линија. Сите подетални елементи на планирање се дадени во членовите: 43, 44, 45, 47, 48, 49 и 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

Дадена е максималната висина на венецот, изразена во метри, која може етапно да се реализира.

Висината на објектите се определува од нивото на тротоарот или пристапната сообраќајница до завршниот венец на градбата од страната која гледа кон лицето на парцелата и е изразена во должни метри.

Максималната висина на градбата дефинирана со овој план е дадена поединечно за секој објект. Правото да се гради до дозволената максимална висина е исполнето со другите урбанистички услови дадени во овој план, а пред сè: обезбеден потребниот број на паркинг места, потребното растојание до границата на парцелата и др.

За терени во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

Доколку со проектната документација не се докаже дека се исполнети условите за постигање на максималната висина на градбата дефинирана со овој план, управниот орган надлежен за работите на урбанизмот ја одредува дозволената висина, изразена во должни метри, а според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

Висината на кровот се дефинира со висина на слеме. Максималната височина на слемето изнесува 4,5 метри над завршниот венец на градбата. Во рамките на оваа висина може да се уреди подпокривен корисен простор со намена домување.

1.11 Процентот на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од земјиштето е зафатено со градба.

Коефициентот на искористеност на земјиштето (К) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Процентот на изграденост на парцелите и коефициентот на искористеност на земјиштето во голема мера се зависни од постојната состојба и се дадени во табели за секоја парцела поодделно на ниво на целиот плански опфат. Истите се дефинирани во граници на дозволените вредности со членовите: 51, 52, 53 и 54 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

1.12 Потребите за паркирање и гаражирање на возилата ќе ги решава секој корисник во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребниот број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, а во согласност со член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

1.13 Сообраќајната инфраструктура се состои од мрежа на собирна улица, обиколница и сервисни, станбени и пристапни улици, како и интегрирани сообраќајни површини. Планирањето на сообраќајната мрежа во урбанистичкиот план е работено во согласност со важечкиот Генерален урбанистички план на град Скопје, Детален урбанистички план за Градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар, Скопје и Правилникот за стандарди и нормативи

за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14), како и во согласност со условите на терен.

1.14 Мерки за заштита на културно наследство

Параметри за заштита на културното наследство

Параметрите за заштита на културното наследство во овие Заштитно-конзерваторски основи се однесуваат на:

- доследна примена на утврдените граници на зоните на заштита и степените на режимот на заштита;
- пропишување посебни заштитно-конзерваторски услови за заштитеното добро;
- пропишување посебни заштитно-конзерваторски услови за Контактната зона на заштитеното добро.

Доследната примена на утврдените граници на зоните на заштита и степените на режимот на заштита го подразбира следното:

- За сите интервенции да се задолжи инвеститорот, пред издавањето на документацијата за градба, да обезбеди стручно мислење од НУ - Конзерваторски центар - Скопје и конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство.

Посебни заштитно-конзерваторски услови за заштитеното добро

Споменик - Институт за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија (ИЗИИС) во Скопје - конзервација и реставрација на надворешниот изглед на постојниот објект; можност за адаптација на ентериерот за потребите на намената во современи услови; партерно обликување на просторот во границите на доброто според посебен архитектонско-урбанистички проект.

Посебни заштитно-конзерваторски услови за Контактната зона

Сите интервенции во Контактната зона се изведуваат врз основа на стручно мислење од НУ Конзерваторски центар – Скопје и Конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство.

1.15 Основните решенија за инфраструктурата се дадени на подлоги со прикажана проекција. Бидејќи се работи за основни решенија, сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи доколку проектите од пониско ниво покажат поопрaвдани или поекономични решенија од аспект на време на реализација. Поради тоа, сите потреби за реализација на планираните линиски инфраструктурни градби (водоводна и канализациона мрежа, електроенергетска инфраструктура, водови за пренос на податоци и телекомуникации, топловоди и др.) ќе се реализираат со изработка на проект за инфраструктура, одобрен од надлежен орган.

1.16 Одложувањето на отпадот е предвидено да биде во садови отпад поставени на локации определени со проекти од Градот и Општината.

1.17 Трошоците настанати во постапката за добивање на Одобрение за изградба на објектот, како и трошоците настанати околу изместување на инфраструктурните

објекти заради овозможување на градба паѓаат на сметка на барателот на одобрението за градба.

1.18 Озеленување

Да се почитува Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ 11/2018) , според кој согласно член 20 од потребно е да се обезбеди најмалку 20% зеленило во секоја градежна парцела.

Во градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади.

Објектите кои се поставени на регулационата линија со планираното парковско зеленило можат да добијат отвори без ограничување.

1.19 При реализацијата на овој детален урбанистички план треба да се предвидат услови за непречен пристап и движење на лица со инвалидност на јавните површини и во рамките на градежните парцели, односно објектите. Јавните пешачки површини треба да бидат проектирани и изведени во согласност со Правилникот за техничките карактеристики и димензиите на патеката за движење на лица со телесен хендикеп и лица со оштетен вид (Сл. весник на РМ бр. 17/15), додека поединечните објекти треба да бидат проектирани и изведени во согласност со Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градби со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена (Сл. весник на РМ бр. 17/15).

1.20 При примена и реализација на овој урбанистички план, за сè што не е дефинирано со овие Општи услови за градење, ќе се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14) и Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр. 78/06, 37/14).

2. Посебни услови за изградба

2.1 Посебните услови за изградба се однесуваат на планскиот опфат за кој се изработува Детален урбанистички план за Градска четврт J06, дел од локалитет Тасино чешмиче 1 и Тасино чешмиче 2, Општина Центар, Скопје, со дефинираните граници на локалитетот дадени во графичките прилози.

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 50,23ха, а просторот во рамките на регулационата линија дефинирана со Генералниот урбанистички план има површина од 48,33ха.

2.2 Со овој план се планира надградба и доградба на постојните објекти, како и изградба на нови објекти во рамките на постојните и новоформираните градежни парцели. Објектите кои се изградени и кои веќе ги достигнале максималните урбанистички параметри се задржуваат во постојна состојба со можност за нивна санација и реконструкција.

2.3 Доколку при реализација на планот се појави археолошки наод, да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на РМ бр. 20/04).

2.4 Со планските решенија се планира дефинирање на основните класи на намени и компатибилните класи на намени во границите на дозволениот процент на учество на компатибилната класа на намени во однос на основната класа на намена во планот, во согласност со член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

Основни класи на намена на земјиштето во планскиот опфат

Класа на намена А:

- А1 - Домување во станбени куќи, со компатибилни намени: Б1 до 30%, В1 до 30%, Б5 до 5% и Д3 до 30% со вкупно учество на компатибилните намени до 30%
- А2- Домување во станбени згради, со компатибилни намени:Б5 до 15%, Б1 до 20%, Б2 до 30%, Б4 до 20% В3 до 40%, В4 до 10% и Д3 до 40% со вкупно учество на компатибилните намени до 40%
- А3 - Групно домување , со компатибилни намени: Б1 до 20%, Б2 до 20%, В1 до 20%,В2 до 20%,В3 до20% и Д3 до 20% со вкупно учество на компатибилните намени до 20%
- А4-времено сместување

Класа на намена Б:

- Б1- Мали комерцијални и деловни дејности со компатибилни намени: А1 до 20%, А3 до 20% и Б4 до 20% со вкупно учество на компатибилните намени до 40%
- Б5 - Хотелски комплекси со компатибилни намени:Б1до 40%,Б2 до 40%,Б3 до 40%,Б4 до 40%,Б6 до 40%,В2 до 40%,В3 до 40% и Д3 до 40%, со вкупно учество на компатибилните намени до 40%

Класа на намена В

- В1- Образование и наука со компатибилни намени: А3 до 20%,Б1 до 10%,Б4 до 10%,В3 до 20% и Д3 до20%, со вкупно учество на компатибилните намени до 20%.

- В2 - Здравство и социјална заштита
- В4 - Државни институции

Класа на намена Д

- Д1 – Парковско зеленило
- Д2 – Заштитно зеленило
- Д3 – Спорт и рекреација

Класа на намена Е

- Е2 - Комунална супраструктура-постојни и планирани трафостаници
- Е2 - Комунална супраструктура-Во северозападниот дел на локалитетот постои и пумпна станица за потребите на градскиот водоснабдителен систем.

Основната и компатибилните класни на намена за секоја градежна парцела се дадени во табеларните прилози на овој план.

2.5 Градежна линија и површина за градење

Градежна линија претставува планска одредба од графичкиот дел на планот која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Површина за градење претставува планска одредба од графичкиот дел на планот со која се утврдува делот од градежната парцела кој се предвидува за површина на која може да се гради.

2.6 Процент на изграденост - со планскиот концепт ја покажува густината на изграденост и истиот е даден на ниво на плански опфат по ДУП и изнесува 31,61%

2.7 Коефициент на искористеност на земјиштето го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и истиот на ниво на плански опфат по ДУП изнесува 1,11

2.6 Максималната височина на градба е изразена како вертикално растојание помеѓу тротоарот или пристапната патека и завршниот венец на градбата. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градешната парцела. Доколку тротоарот или пристапно-пешачката патека долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се определува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата. Максималната височина за градба за секоја градежна парцела е дадена во графичките и табеларните прилози на овој план.

2.7 Висинската кота на нултата плоча (висинска кота на приземна плоча) во однос на тротоарот или пристапно-пешачката патека за сите градби со намена домување изнесува најмногу 1,20м.

Максималната височина на нултата плоча за сите градби кај кои градежната линија се совпаѓа со регулационата, а намената на градбите е Б1, Б2 и Б3, е 15см.

2.8 Планските решенија на внатрешниот (во градежните парцели поединечно) динамичен и стационарен сообраќај ќе бидат предмет на Проектното решение на внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај.

Паркирањето е предвидено во рамките на сопствената градежна парцела, во согласност со член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

Минималниот број на паркинг места за планираните намени на земјиштето, градбите и нивната големина, 00кој се определува како услов за градење при издавање на одобрението за градење, изнесува:

- За класа на намена А1 - 1 паркинг место на секои 80м^2 од вкупно изградената површина.
- За класа на намена А2 - 1 паркинг место на секои 80м^2 од вкупно изградената површина.
- За класа на намена А3 - 1 паркинг место на секои 100м^2 од вкупно изградената површина.
- За класа на намена Б1 - 1 паркинг место на секои 60м^2 од вкупно изградената површина
- За класа на намена Б5 - 1 паркинг место на секои 6 легла
- За класа на намена В1 - за основно и средно образование 1 паркинг место на секои 100м^2 од вкупно изградената површина, за научни институции 1 паркинг место на секои 150м^2 од вкупно изградената површина
- За класа на намена В2 - за социјални установи и детски градинки 1 паркинг место на секои 120м^2 од вкупно изградената површина, за здравствени установи 1 паркинг место на секои 60м^2 од вкупно изградената површина
- За класа на намена В4 - 1 паркинг место на 80м^2 од вкупно изградената површина
- За класа на намена Д3 - 1 паркинг место на 10 посетители

При димензионирањето на паркиралиштата, треба да се планираат минимум 3% паркинг места за инвалиди со минимални димензии 3,50/5,50м. На паркиралиштата со помалку од 20 паркинг места се предвидува минимум едно паркинг место за инвалиди.

Во случај кога во градежните парцели нема услови за да се задоволат нормативите за паркирање, може да се реализира заедничко подземно и надземно паркирање за две или повеќе градежни парцели преку заедничка пристапна комуникација, заради обезбедување на потребниот број паркинг места, по добиена согласност од сопствениците на градежното земјиште кое е опфатено со предметните градежни парцели.

Издавањето на одобрение за градба е условено со обезбедувањето на потребниот број на паркинг-места во согласност со овој урбанистички план и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14, 148/14).

2.9 Во градежните парцели со новоизградени објекти минималниот процент на озеленетост изнесува 20%. Во градежните парцели со веќе изградени објекти, каде не постојат просторни можности за обезбедување на процентот за зелена површина се прави компензација со поставување дрвореди и зеленило во жардињери, на кровни тераси и фасади.

2.10 При проектирањето на подземните нивоа на објектите да се овозможат услови за решавање на дворната водоводна и канализациона мрежа, како и да се овозможат приклучоци на комуналната инфраструктура.

3. Посебни услови за изградба за секој блок поединечно

Во графичкиот прилог се дадени сите урбанистички параметри, за сите парцели поодделно за целиот плански опфат со: број на парцела, класа на намена, компатабилна класа на намена, површина на парцела,површина за градба, вкупна развиена површина по катови, максимална височина на објектот во метри и број на катови и потребен број на паркинг места.

За планскиот опфат за кој е предвиден изработка на Детален урбанистички план за градска четврт J0б- локалитет Тасино Чешмиче 1 и Тасино Чешмиче 2, Општина Центар-Скопје, важат следните посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите:

БР. НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНА КЛАСА НА НАМЕНА	ВКУПНО УЧЕСТВО НА КОМПАТИБИЛНИТЕ НАМЕНИ	МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА НА ГРАДБАТА	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	ВКУПНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	ПАРКИРАЊЕ	МИН.ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ
5.81	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	277 м²	112 м²	448 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	40,43%	1,62
5.82	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	397 м²	155 м²	620 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	39,04%	1,56
5.83	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	274 м²	170 м²	680 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	62,04%	2,48
5.84	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	196 м²	90 м²	360 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	45,45%	1,82
5.85	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	259 м²	80 м²	320 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	30,89%	1,24
5.86	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	191 м²	80 м²	320 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	41,86%	1,68
5.87	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	206 м²	80 м²	320 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	38,83%	1,55
5.88	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	728 м²	307 м²	1228 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	42,17%	1,69
5.89	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	435 м²	173 м²	692 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	39,77%	1,59
5.90	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	417 м²	130 м²	520 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	31,18%	1,25
5.91	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	407 м²	132 м²	528 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	32,43%	1,30
5.92	А1			ПОСТОЈНА	П+2+Пк	612 м²	282 м²	1128 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	46,06%	1,84
5.93	А1			ПОСТОЈНА	П+3+Пк	611 м²	245 м²	1225 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	40,10%	2,00
5.94	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	486 м²	222 м²	888 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	45,68%	1,83
5.95	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	309 м²	129 м²	516 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	41,75%	1,67
5.96	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	465 м²	144 м²	576 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	30,97%	1,24
5.97	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	840 м²	306 м²	1224 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	36,43%	1,46
5.98	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	616 м²	346 м²	1384 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	56,17%	2,25
5.99	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	673 м²	357 м²	1428 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	53,06%	2,12
5.100	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	683 м²	363 м²	1452 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	53,15%	2,13
5.101	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	896 м²	316 м²	1264 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	45,27%	1,81
5.102	А1	*		ПОСТОЈНА	П+2+Пк	655 м²	264 м²	1056 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	40,31%	1,61
5.103	А1			ПОСТОЈНА	П+2+Пк	739 м²	428 м²	1712 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	57,99%	2,32
5.104	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	645 м²	238 м²	952 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	36,90%	1,48
5.105	А1			ПОСТОЈНА	П+2+Пк	495 м²	152 м²	608 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	30,71%	1,23
5.106	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	776 м²	178 м²	712 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	22,94%	0,92
5.107	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	225 м²	126 м²	504 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	56,00%	2,24
5.108	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	250 м²	128 м²	512 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	51,20%	2,05
5.109	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	308 м²	126 м²	504 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	40,91%	1,64
5.110	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	277 м²	129 м²	516 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	46,57%	1,86
5.111	А1			ПОСТОЈНА	П+2+Пк	277 м²	153 м²	612 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	55,23%	2,21
5.112	А1			ПОСТОЈНА	П+2+Пк	288 м²	134 м²	536 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	46,53%	1,86
5.113	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	353 м²	220 м²	880 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	62,32%	2,49
5.114	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	399 м²	179 м²	716 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	44,86%	1,79
5.115	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	306 м²	152 м²	608 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	49,67%	1,99
5.116	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	207 м²	90 м²	360 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	43,48%	1,74
5.116.a	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	212 м²	91 м²	364 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	42,92%	1,72
5.117	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	171 м²	88 м²	352 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	51,46%	2,06
5.117a	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	186 м²	86 м²	344 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	46,24%	1,85
5.118	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	269 м²	109 м²	436 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	40,52%	1,62
5.119	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	258 м²	100 м²	400 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	38,06%	1,56
5.120	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	210 м²	100 м²	400 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	47,62%	1,90
5.121	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	250 м²	113 м²	452 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	45,20%	1,81
5.122	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	8,50 м	П+1+Пк	140 м²	53 м²	159 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	37,86%	1,14
5.123	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	240 м²	100 м²	400 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	41,67%	1,67
5.124	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	214 м²	89 м²	356 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	41,59%	1,66
5.125	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	223 м²	82 м²	328 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	36,77%	1,47
5.126	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	173 м²	79 м²	316 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	45,66%	1,83
5.127	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	158 м²	72 м²	288 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	45,57%	1,82
5.128	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	155 м²	67 м²	268 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	43,23%	1,73
5.129	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	400 м²	108 м²	432 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	27,00%	1,08
5.130	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	320 м²	133 м²	532 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	41,56%	1,66
5.131	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	249 м²	152 м²	608 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	61,04%	2,44
5.132	А1			ПОСТОЈНА	П+2+Пк	706 м²	159 м²	636 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	22,52%	0,90
5.133	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	305 м²	154 м²	616 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	50,49%	2,02
5.134	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	434 м²	213 м²	852 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	49,08%	1,96
5.135	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	269 м²	127 м²	508 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	47,21%	1,89
5.136	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	366 м²	215 м²	860 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	58,74%	2,35
5.137	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	263 м²	147 м²	588 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	55,89%	2,24
5.138	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	173 м²	107 м²	428 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	61,85%	2,47
5.139	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	178 м²	122 м²	488 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	68,54%	2,74
5.140	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	141 м²	101 м²	404 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	71,63%	2,87
5.141	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	199 м²	143 м²	572 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	71,86%	2,87
5.142	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	314 м²	163 м²	652 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	51,91%	2,08
5.143	А1	Б1-30%, В1-30%, Д3-30%	30%	10,20 м	П+2+Пк	193 м²	100 м²	400 м²	ВО ГРАД. ПАРЦЕЛА	20%	51,81%	2,07
